# Објаснување на процедурата за пријава и одбрана на дипломска работа

Сите студенти на  Факултет задолжително полагаат дипломски  испит откако ќе ги положат предвидените испити од студиската програма по која студираат.

Процедурата за пријавување и полагање на дипломскиот испит е следната:

Дипломската се запишува на почеток на семестар. Студентот не мора да има избрано ментор при запишување на семестарот, но мора да има избрано ментор при заверката на семестарот. Менторот се потпишува во индексот кај предметот Дипломска работа.

Дипломската работа најрано може да се запише при првото запишување на летниот семестар во трета година за 3 годишните или четврта година за 4 годишните студии.

Дипломската работа се пријавува од наставно-научна област која постои на Факултетот и се работи под надзор на ментор.

Ментор на дипломскиот труд може да биде наставник избран во наставно-научно звање на Факултетот.

Дипломската студентот може да ја **пријави** доколку има освоени минимум 140 ЕКТС кредити на тригодишните, односно 200 кредити на четиригодишните студиски програми . Се проверува во системот или во досието дали е исполнет овој предусловот.

Пријавувањето на дипломската се одвива на следниот начин:

- Студентот подига „Пријавен лист за дипломска работа" од студентската служба или истиот го симнува од веб сајтот на ФИНКИ. Пријавниот лист за дипломска работа содржи: лични податоци за студентот (име, татково име, презиме, број на индекс, назив на запишани студии), наслов на дипломската, кусо резиме на дипломската, област во која се пријавува дипломската, име на ментор, трочлена комисија за преглед и одбрана на дипломската, од кои еден член е менторот.
- Пријавниот лист за дипломската се пополнува заедно со менторот и менторот мора да се потпише на него во знак на согласност.
- Студентот го носи пријавниот лист во студентска служба. **Службата врши проверка на освоени 140 односно 200 кредити**. Врз основа на тој пријавен лист се изготвуваат "Известувања за членовите на комисијата".Известувањата се доставуваат до членовите на комисијата, доколку е исполнет условот за кредити.
- На студентот му се заверува и пријавата за испит (стандардна пријава) со административна такса од 50МКД.
- На студентот му се издава документ „Одобрение за оцена на дипломски труд" со пополнети информации за студентот и дипломската работа.
- На студентот му се издава соодветен „Записник за одбрана на дипломска работа" во кој не се пополнети информациите за: место на одбрана, време на одбрана, оцени за пишаниот текст на сите членови на комисијата, оцена за јавната одбрана, средна оцена.

- Во моментот кога менторот е задоволен со изработената работа и напишаниот текст, го проверува истиот на системот за проверка на плагијати[1], по што го потпишува документот „Одобрение за оцена на дипломски труд“.
- Студентот го носи потпишаното „Одобрение за оцена на дипломски труд“ заедно со 4 копии од текстот (3 за комисијата и еден за библиотека), како и со електронска верзија на текстот во PDF формат во службата за студентски прашања.
- **Службата врши проверка дали се исполнети условите за одбрана (положени и евидентирани сите испити)**. Доколку овој услов не е исполнет, студентот се враќа да ги собере пријавите кои недостасуваат. По исполнувањето на овој услов, студентската служба ги доставува трите примероци до членовите на комисијатаи до библиотеката (кај Жана за кампус Карпош, кај Кире во 161 за кампус Гази Баба).
- Членовите на комисијата можат да доставaт издвоено мислење до менторот во рок 3 работни дена.

Постапката за одбрана

- Комисијата за оценка и одбрана на дипломската работа во состав од менторот, претседател на комисијата од редот на наставници на факултетот и уште еден член кој може да биде од редот на соработници или наставници или експерт од практиката, заеднички утврдува термин за јавна одбрана.
- Комисијата е должна да го пополни и потпише "Записникот за одбрана на дипломска работа".
- Комисијата ја пополнува испитната пријава со оцена и се потпишува на истата. Завршниот испит се оценува со оценка од 5 до 10, врз основа на квалитетот на изработениот труд и усната презентација. Доколку студентот е оценет со оценка 5, потребно е заедно со записникот да му бидат дадени и забелешки кои треба да ги отстрани за следната јавна обрана. Студентот има право на само уште една јавна одбрана.
- Менторот го пополнува индексот на студентот со оцена и се потпишува во него.
- Записникот се чита јавно.
- Записникот се дава на студентот кој го носи истиот во во студентска служба.
- Менторот ја носи пријавата во студентска служба.
- Уверението студентот може да го подигне не порано од 7 дена по дипломирањето.

[1] Согласно член 6 од Закон за изменување и дополнување на Законот за научно истражувачка дејност (сл.весник бр.80 од 26.06.2012) и добиено мислење од УКИМ бр. 02-574, **Менторот** на дипломскиот труд т.е. семинарска работа на студентот, задолжително ја внесува во базата за проверка на плагијати (http://plagijati.mon.gov.mk/) најмалку 10 дена пред оценувањето на истата а Извештајот се праќа во електронска форма (PDF фајлот „СИТЕ“ ) на plagijat@finki.ukim.mk.

Потрбни документи за издавање на Уверение

По завршувањето на дипломскиот испит се достави соодветнава документација во Службата за студентски прашања за да му се изготви уверение за дипломирање и тоа:

1. индекс и пријавата од изведениот дипломски испит
2. Пријава за оценка
3. Примерок од дипломската работа со записник за текот на одбраната и
4. Потврда за уплатени 2.500,оо денари на жиро-сметка на факултетот со цел на дознака за издавање на диплома
5. Потврда од библиотека

Составен дел од овој документ се и образците споменати погоре:

- „Пријавен лист за дипломска работа“
- “Известувања за членовите на комисијата”
- „Одобрение за оцена на дипломски труд“
- „Записник за одбрана на дипломска работа“

Република Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје
Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје
Бул. „Руѓер Бошковиќ” 16, 1000 Скопје
Тел. 02/30 88 255

Број _____________________
Датум ________ 20__ година
СКОПЈЕ

## Одобрение за оценa на дипломски труд

Јас ______________________________________________ одобрувам оцена на дипломскиот труд со наслов:
________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________
изработен од студентот __________________________со индекс број ____________________.

Датум/Место

_______________________

Одобрил ментор

__________________________

Број ____________________
Датум ________ 20__ година
СКОПЈЕ

До продеканот за настава
ФИНКИ - Скопје

# ПРИЈАВА
## за дипломски труд

од________________________________________________________, студент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, со индекс бр ________ .

Бидејќи имам освоено кредити на студиската програма ________________ _______________________________________________ молам да ми се одобри пријавување на дипломскиот труд на тема: ____________________________________________________________
област:______________________________________________________________________________________

наставник/ментор: ________________________________________________________________________
студентска програма ______________________________________________________________________

кратка содржина на темата _________________________________________________________________
__________________________________________________________________________________________
__________________________________________________________________________________________
__________________________________________________________________________________________
__________________________________________________________________________________________

Комисија за одбрана на дипломскиот труд во состав:
ментор __________________________________________
член __________________________________________
член __________________________________________

Подносител на пријавата,

___________________
________ 20__ год.
*(датум на пријавување)*

Согласност за менторство,

-------------------------------------

Студентски прашања

------------------------------

Република Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје
Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје
Бул. „Руѓер Бошковиќ” 16, 1000 Скопје
Тел. 02/30 88 255

# ИЗВЕСТУВАЊЕ
## за членови на комисија за одбрана на дипломски труд

Ве известуваме дека сте избрани за членови на комисијата за преглед и одбрана на дипломски труд од________________________________________________________, студент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, со индекс бр ________ .

тема:_________________________________________________________________________________
област:_______________________________________________________________________________

наставник/ментор: _____________________________________________________________________

Комисија за одбрана на дипломскиот труд во состав:

ментор _________________________________________
член _________________________________________
член _________________________________________

Служба за студентски прашања
___________________________

Република Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје
Бул. „Руѓер Бошковиќ" 16, 1000 Скопје
Тел. 02/30 88 255

Институт ______________________

Насока _________________________

Број на индекс __________

**ЗАПИСНИК**

од извршената јавна одбрана на дипломскиот труд

На ден ____________________ година, во просторија __________________________, во време од ______ до ______ часот, на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, е извршена јавна одбрана на дипломскиот труд од кандидатот

_______________________________________________________________________________

(презиме, татково име и име)

со наслов: _______________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

Област: _________________________________________________________________________

Врз основа на пишаниот дипломски труд и усната јавна одбрана на истиот, Комисијата го оценува дипломскиот труд со оцена ___ (______________).

Скопје, _________20___ година

Комисија за одбрана

1. ______________________________, ментор
2. ______________________________, член
3. ______________________________, член